**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 15-07-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вре |
| 10 | 3624 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 01.01.2015 до 31.12.2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 јули 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Радиодифузерите кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво се должни од буџетот наменет за програми да издвојат најмалку 10% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, при што најмалку половина од истите треба да бидат произведени во последните пет години.);

   - **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Според член 91 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, податоците за исполнувањето на обврската од став 2 на овој член од страна на Јавниот радиодифузен сервис се составен дел на годишниот извештај за работа на Јавниот радиодифузен сервис за претходната година.

Оттаму со анализа на податоците објавени од ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА во Годишниот извештај за работа за 2015 година и во Финансискиот извештај за реализација на Финансискиот план на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО

ТЕЛЕВИЗИЈА за 2015 година, **не е констатирано прекршување на обврските од член 91 став 2 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, од буџетот наменет за програми во 2015 година, издвоило **10,54%** за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти.

Најмалку половина од европските аудиовизуелни дела од независни продуценти наведени во податоците се произведени во последните пет години.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***